

# РЕЗБАТА

## ВО МАКЕДОНСКАТА КУЌА

*Издавач*
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

*Главен и одговорен уредник*
Д-р. Елеонора Петрова

*Автор на концепцијата, текстот за каталогот, изработка на цртежите и архитектонско - ликовно обликување на изложбата*
Петар Намичев

*Стручен соработник*
Милка Крстевска

*Реализација на изложбата*
Трајче Димчевски, Петар Наничев, Андреја Андреев, Велика Тасевска, Милка Крстевска, Наум Спировски Јован Шурбановски и Боре Неделковски

*Конзервација на експонатите*
Лилјана Ковачевска и Тони Филипов

*Превод на англиски*
Нада Андоновска

*Лектура*
Јасмина Георгиева

*Дизајн и компјутерска обработка на каталог*
Гордана Георгиевска

*Фотографии*
Јордан Василевски

*Фотолити*
Тотем

*Печати*
ДатаПонс

*Печатено во 500 примероци*

*Скопје 1998 г*

# РЕЗБАТА
## ВО МАКЕДОНСКАТА КУЌА
од XIX и почетокот на XX век



*Изглед на колце изработено во ажурна резба, XVIII век, Дебар (60 x 8,5 см)*

Изложбата "Резбата во македонската куќа" во XIX и почетокот на XX век се вклопува во обележувањето на програмата на Европските денови на културното наследство која во Македонија станува традиционална, секоја година во последната недела на септември. Оваа година во темата на Деновите - Македонска стара архитектура, особен настан претставува токму изложбата "Резбата во македонската куќа".

Богато уредениот ентериер во македонската куќа го отсликува богатството и високото естетско ниво на македонската буржоазија која се развила како последица на развитокот на градскот живот во почетокот на XIX век. Развојот на резбата во објектите на профаната архитектура особено е интензивен во втората половина на XIX и почетокот на XX век. Тогаш, во вистинската смисла на зборот, во резбата како значаен дел на ентериерот се јавува мешање на традиционалните форми, карактеристични за балканските простори, со европските влијанија, особено во поголемите градски центри.

Презентираната изложба ја претставува колекцијата на предмети од резба од Етнолошкиот оддел на Музејот на Македонија собирани во изминатите педесетина години.

По неколку децениското замирање на овој стар македонски занает, денес сме сведоци на повторен голем замав на убавината на естетски обликуваното дрво, кое се повеќе станува специфика на македонската традиционална култура.

Д-р Елеонора Петрова
Директор на Музејот на Македонија

*Дали некогаш си ја почувствувал*
*душата на македонската куќа*
*просторот кој ти станува близок, свој*
*ти се пика во душата*
*се наоѓаш себеси, своето место во неа*
*секоја од нив ти е блиска*
*ти се чини ја познаваш од векот,*
*кога си во неа, македонската куќа*
*ти го нуди срцето свое, резбата . . .*

Ентериерното обликување во македонската куќа претставува уметничко творештво со примена на високи естетски вредности, со исто значење како и градителската вредност на објектите. Низ историјата на формирањето на архитектонскиот простор, украсувањето на ентериерот претставувало предизвик и завршна фаза на градителот и уметникот, при што тој го применувал сето свое мајсторство, за да создаде уметничка форма со високи естетски вредности.

Примената на резбата во декорацијата на ентериерните елементи претставува традиција и дел од богатото културно наследство на македонскиот народ.

Резбата е применувана како завршен дел во процесот на работата на градителските тајфи, односно дел од креативната естетско-ликовна декорација при обработката на ентериерните делови на објектите. Сочуваните примероци на резбани делови од обработката на таваниците, мусандрите, долапите, надвратниците и останатите покуќнински движни предмети, говорат за висок степен на примена на декорација со естетизирани елементи, кои воедно прикажуваат и висок степен на култура на живеење од овој период. Макотрпната работа на резбарот е видлива на мала површина на обработениот дел од ентериерот, преку кој се претставува сета креативност на неговата творечка работа.

Резбаните делови, како составен дел на ентериерот што се изработува во завршната фаза при градбата на куќата, вообичаено се поставуваат на самиот крај и на некој начин претставуваат спој и пренесување на врвната уметничка творба во просторот на корисникот на куќата. Со тоа на некој начин резбаните делови

*Цртеж на колце изработен во плитка резба, XIX век, Кратово (23 x 2 см)*



добиваат симболично значење на внесување на животот и радоста во новонастанатиот дом.

Преку изложувањето на резбаните делови од македонската куќа, предмети што се дел од збирката на резбани таваници на Музејот на Македонија, уште еднаш се потврдува и презентира вредноста на високо естетизираните уметнички форми на македонските резбари.

### *Резбарството како занает*

Почетоците на резбарството датираат од крајот на XVIII и почетокот на XIX век, кога мајсторите резбари се појавуваат како формирани уметници. Тие, со повеќевековната дејност на поширокото подрачје на Балканот, ја создале и одржале традицијата на овој занает.

Под влијание на школата на Атос, резбарите од Мијачката школа најпрво работеле како зрели уметници во егејскиот дел на Македонија (Серес, Драма, Кавала и Солун), а подоцна работеле во црквите и манастирите низ Македонија (Лесново, Скопје, Бигорскиот манастир)[1].

Влијанието на Света Гора и иновациите што се пренесувани при украсувањето на црквите, се присутни и при декорацијата на ентериерот во македонската куќа од истиот период. Тоа е изразено преку примената на растителните и геометриските мотиви на делата од ентериерот на македонската куќа.

Резбарството на мијачките мајстори е најинтензивно во периодот од крајот на XVIII век па се до првата половина на XIX век.

---

[1] Ќорнаков Д. - Творештвото на мијачките резбари на Балканот од крајот на XVIII и XIX век, (ИИСК, Прилеп), Прилеп, 1986 г., стр. 207

Нашите најпознати резбари декорираат иконостаси во црквите на манастирите Гаврило Лесновски, Св. Јован Бигорски и Св. Спас во Скопје кои потекнуваат уште од почетокот на XIXвек.

Авторството и датирањето на иконостасите во нашите најпознати манастирски цркви се темелат на повеќедецениски истражувања, што ќе продолжат и во иднина, бидејќи не постојат пишани документи за точното време на нивната изработка. Уште помалку конкретни докази постојат за изработените резбани делови од ентериерот на македонската куќа од истиот период.

Резбаните предмети покажуваат јасно дека се изработени во иста уметничка традиција, дело на мајстори кои учеле во еден уметнички центар. Нијансите се добиваат во однос на личното видување на одделни мајстори, нивната техничка подготвеност и нивото на уметничка наобразба.

Поврзаноста на работата на мајсторите резбари кои работеле на иконостасите со изработката на резба во куќите, се потврдува и со податоците што говорат за изработката на деловите за иконостасите во соседните куќи во близина на црквите, при што постоела голема веројатност токму во тие куќи да бидат вметнати делови на резба.[2]

Развојот на градовите во почетокот на XIX век овозможи развој на занаетчиството, трговијата, а со тоа и на градителството, со што македонските градови станаа и културни центри. Поради зголемената изградба на цркви и куќи во овој период, се појави потребата од нивно внатрешно украсување, со што се усоврши и копаничарскиот занает, најмногу со создавање на иконостаси и други делови од ентериерот на црквите и куќите. Најголем број од копаничарските творби се создадени во текот на XIX век. Во црквите тие ги изработувале иконостасите, владичините столови и амвоните, како и

*Цртеж на колце изработен во плитка резба,*
*XIX век, Кратово*
*(23 x 2.5 см)*



[2] Траичев Г. - Град Прилеп, София, 1925г., стр. 80

*Колце изработено во плитка резба,*
*XIX век, Кратово*
*(23 x 2,5 см)*



резбаните тавани на беговските конаци во Дебар, Охрид, Струга, Крушево, Битола, Скопје[3]. Најпознати родовски фамилии на копаничари, зографи, иконописци и градители потекнуваат од фамилиите : Фрчковци од Галичник, Рензовци-Зографски од Тресонче, Филиповци од Гари, од Осој и др. Најчесто, копаничарите оделе на печалба во Бугарија, Србија, Црна Гора, Грција, Албанија и Романија.

Обработката на ситни предмети во резба се појавува уште во XVII век, кај делата на монасите од Светогорските манастири. Во овој период се спомнува и работата на Христофор Жефаровиќ од Дојран, кој ги применувал елементите на поствизантиската традиција во своите дела[4].

Од XVIII век постои зголемена примена на разба при изработувањето на иконостасите во црквите, со употреба на тродимензионалноста во резбаните форми и со употреба на старите византиски мотиви на винова лоза и стилизирани форми на птици.[5]

Интензивниот развој на градењето на цркви во првите децении на XIX век, придонесува и за примена на резбата и нејзино вградување во ентериерот на црквите.

Најпознатите резбари потекнувале од регионот на Река кадешто живееле Мијаците, од селата Гари, Галичник, Тресонче, Осој, Лазарополе, Росоки, Требиште, Битуше, и др. Творештвото на мијачките резбари се темели на работата на работилниците од Света Гора, приме-

---

[3] Ќорнаков Д. - Творештвото на мијачките резбари на Балканот од крајот на XVIII и XIX век, (ИИСК, Прилеп), Прилеп, 1986 г., стр. 45

[4] Медаковиќ Д. - Српска уметност у XVIII веку, Београд, 1980 г., стр. 16.

[5] Корнаков Д. - Творештвото на мијачките резбари на Балканот од крајот на XVIII и XIX век, (ИИСК, Прилеп), Прилеп, 1986 г., стр. 64

нувајќи елементи на ренесансата и барокот, но и елементи од секојдневниот живот и фолклорот на својот народ.

Нивното творештво се ограничува како традиција на резбарството кое потекнува од *Дебарскаѿа резбарска школа*, која пак влијаела врз работата на другите резбарски школи во соседните земји и региони од Балканскиот Полуостров. Најпознати имиња на градители, зографи, резбари и иконописци се браќата Дамјанови (Андреја, Никола, Ѓорѓи и Коста), Петре Филиповиќ - Гарката, брат му Марко, Макарие, Фрчкоски, Димитар Станишев, Дичо Зограф и др.

Тајфите најчесто биле од мешан тип, составени од мајстори кои работеле на повеќе посебни специјалности при градењето на објектите од сакралната и профаната архитектура. Тајфите на резбари биле формирани во почетокот на XIX век, најчесто од една фамилија, а тие своето искуство го пренесувале од колено на колено. За пообемни резбарски работи повикувале на помош и резбари од други тајфи.

Старите резбари внесуваат новини во употребата на човечката фигура, развивајќи ја до степен да стане доминантен декоративен елемент во резбата на иконостасите, со што се потврдува големиот творечки потенцијал и уметничкиот дух што го внесуваат во своите дела мијачките резбари.

За време на работата на резбаните делови на црквата Св. Ѓорѓи во Призрен, тајфата на Петре Филиповиќ работела на изработка на резбани таваници мусандри за беговите куќи во градот и неговата околина[6].

Изработувањето на резбаните делови на иконостасите траело и по неколку години (вообичаено 3-5 го-

*Колце израбоѿено во ѿлиѿка резба, XIX век, Краѿово (23 x 2 см)*



[6] Историја на македонскиот народ, Почетоци на преродбата, кн. 2, Скопје, 1969, стр. 40-42.

Обработката на таванската површина во различни објекти има поширок распон во третманот на нејзината обработка, од наједноставни решенија со правилни геометриски форми, до сложени естетско-ликовни решенија. Нивото на естетско-уметничките вредности на обработката на таванот е во паралелен сооднос со вредностите и на другите ентериерни елементи, но и со архитектонските вредности на целокупната форма на објектот. Синхронизацијата на архитектонските вредности и обработката на ентериерот е во зависност од економската моќ на сопственикот, но и од креативните можности на градителот, односно резбарот.

Најстар и наједноставен начин на изведување на таванот е со системот на вметнување на дел од едната штица во вдлабнат дел од другата штица (систем на перо и жлеб), што се прицврстуваат на таванските греди. Збогатувајќи го естетскиот надворешен изглед, мајсторот одбрал примена на решенија што ќе ги покриваат спојките на конструктивните делови и шајките. Тоа го решил на едноставен начин со примена на богата стилизирана декорација со профилирани лајсни, поставени во одреден геометриски распоред. Овој тип на тавани претставува основен тип на геометриски решенија на таванската површина што во натамошниот период ќе се развива во естетска смисла.

Таванот добива конструктивно решение со формирање на две или три површини, што се поврзани со едноставно обработени или декоративни премини. Премините се решаваат најчесто во штуко техника. При обработката на овој тип на тавански конструкции, применето е богато искуство на решавање на геометриско-ликовната композиција, како и употреба на пропорционирање на геометриските елементи. Овој тип на таван најчесто се нарекува "ѓул таван". Најупотребувани геометриски форми се правоаголникот, кругот и шестоаголникот, како основни елементи кои со ротации и преклопувања, овозможуваат добивање на бескрајно интересни геометриски решенија.

Во обликувањето на таванската конструкција резбарот има сериозен приод, комбинирајќи одделни

*Цртеж на надвратник*
*изработен во плитка резба,*
*XIX век, Скопје*
*(73 x 45 см)*



употребуваат во домаќинството на куќата или имаат украсна функција. Најчесто имаат правоаголна форма со едноставна геометриска и растителна декорација, најчесто во плитка резба.

*Рамкиūе за оīледала* се составен украсен елемент на македонската градска куќа од XIX и почетокот на XX век. Тие имаат правилна геометриска форма од челната страна, а поретко, во поимотните куќи, се применува и резба. Се применува плитка, ажурна резба или поткопана резба на челната страна, а во средишниот дел се поставува огледало. Се изработува од липово или ореово дрво.

*Корициūе за книīи,* заедно со *йослужавнициūе* и *ножевиūе,* претставуваат поситни предмети што содржат декорација од резба. Се применува најчесто плитка резба, од ореово или липово дрво, со фина завршна обработка од челната страна. Во однос на применетата резба, тие, според начинот на обработката се вклопуваат во останатите движни и вградени елементи на ентериерот, што потврдува дека се изработени од истите резбари.

### Техники на изработка

Поставувањето на таванската конструкција, а воедно и на декорираниот таван, се реализира во неколку работни фази.

Најпрво се поставува конструктивна подлога од штици најчесто од чамово дрво, врз која се изработува конструкција од "слеп таван". Потоа се поставува подлога-цртеж на подот од просторијата за да може полесно да се пренесе со истата форма и на таванската подлога од штици. Во поново време се поставувала фурнирана панел плоча врз која се пренесувал цртежот врз основната подлога од штици, со што се олеснувало монтирањето.

*Сūолче израбоūено во ūлиūка резба, XIX век, Орешје, Велешко, (46 x 44см)*



Таванската декорација мајсторот најчесто ја изработувал во својот дом врз база на претходен договор со нарачателот. Во зависност од побарувањата на нарачателот се обликувала и формата на таванската конструкција.

Најиспакнат дел од формата на таванската конструкција, во повеќето случаи, бил средишно поставениот дел - колце, што се поставувало на претходно подготвена подлога, најчесто повеќеаголна со краци, во форма на стилизирана ѕвезда или сонце.

По завршување на сите делови на таванската конструкција, се пристапувало кон завршната фаза на нејзиното монтирање врз веќе подготвената подлога и според нацртот. Монтирањето се изведувало со помош на скеле, поради големата висина и должината на работата при монтирањето.



*Ковчеѓ изработен во плитка резба,*
*XIX век Охрид*
*(151 x 52 x 56 см)*

*Цртеж на колце, изработено*
*во ажурна резба,*
*XIX век,*
*(70 x 8,5 см)*





*Цртеж на резбана таваница изработена во плитка резба, XIX век, Скопје (4,1 x 4,0 м)*



*Резбана шаваница изработена во плитка резба, XIX век Кратово, (3,72 x 3,85 м)*

# Woodcarving in the Macedonian House

## *Summary*

High aesthetic features, both in the structure and the artistic creation, are implemented into the interior design of the Macedonian house. Through the history of creating the architectural space, decorating of the interior was a challenge and a finishing touch of the constructor and artist, who applied all his skill and craftsmanship to create artistic form of high aesthetic values.

Application of woodcarving in decoration of interior elements is a tradition arising from the rich heritage of Macedonian people.

The preserved fragments of woodcarved ceilings, "musandras", "dolaps", door cornices and other movable household objects point to a high artistic and aesthetic values, thus showing the high standards of culture of living. Decoration of the interior has been applied only in the houses whose owners could afford to pay for their manufacture, usually on order.

In interior decoration, wood was applied as basic element until the mid-20th century. The elaboration of ceilings in different kinds of structures ranges from simple solutions involving geometric forms, to more complex aesthetic and artistic solutions. According to the form, the ceilings appear as flat, high and arched. *Flat ceiling* is the kind that has been most frequently used in the 19th and the beginning of the 20th century. *High ceilings* represent higher level of constructive aesthetic stage in the development of woodcarved ceilings. Compared to flat ceilings, their technique of execution, the form and mounting are more complex and they appeared later, most of them dating from the second half of the 19th century.

In regard to the material applied, they can be classified as wooden, plaster and combined ones.

Basic tools for execution of woodcarving are a chisel and mallet. Before the treatment, wood is dried for at least six month to one year. For the purpose of speeding up the process of drying, the wood is exposed to sun, though not longer than half a day.

The "Debar school" has produced the most outstanding woodcarvings in the territory of Macedonia and all the other schools were under its influence. The "Ohrid

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

745.511(497.17)(06.064)

НАМИЧЕВ, Петар
Резбата во македонската куќа : од 19 и почетокот на 20 век / [автор на изложбата и текст, каталошка обработка Петар Намичев ; превод на англиски Нада Андоновска]. - Скопје : Музеј на Македонија, 1998. - [60] стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 9989-9713-3-1



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

Prepress: **TOTEM** • Print: **DataPons**